**Известување за концентрација со која САЛУС промет с фармацевтскими, медицинскими ин другими производи д.д., Љубљана Словенија ќе стекне единствена контрола над ФАРМЕДИКА Трговско подјетје д.о.о. Љубљана Словенија**
**(предмет бр. 08-130/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 03.09.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **САЛУС промет с фармацевтскими, медицинскими ин другими производи д.д., Љубљана (SALUS promet s farmacevtskimi, medicinskimi in drugimi proizvodi d.d., Ljubljana)** со регистрирано седиште на адреса Литостројска цеста 46А, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне единствена контрола над **ФАРМЕДИКА Трговско подјетје д.о.о. Љубљана (FARMEDICA Trgovsko podjetje d.o.o. Ljubljana)** со регистрирано седиште на адреса Лескошкова цеста 12, 1000 Љубљана, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**САЛУС промет с фармацевтскими, медицинскими ин другими производи д.д.** е матично друштво на групацијата друштва Салус ("Групација Салус"). Групацијата Салус го остварува најголемиот дел од своите приходи преку своите зависни друштва, САЛУС, Велетрговина, д.о.о. ("Салус ВТ") и Санолабор д.д. (Sanolabor d.d.) ("Санолабор"), чии главни дејности се големопродажба (Салус ВТ и Санолабор) и малопродажба (Санолабор) на лекови, фармацевтски производи, медицински помагала, медицинска опрема и материјали. Друштвата во Групацијата Салус, исто така, обезбедуваат услуги за складирање, услуги во областа на регулаторните прашања, услуги од областа на фармаковигиланцата, фармацевтски маркетинг и промоција, фармакоекономија.

Во Република Северна Македонија, Групацијата Салус е присутна преку своето зависно друштво – Друштво за трговија, застапување и маркетинг ЦАРСО ПХАРМ ДООЕЛ Илинден (CARSO PHARM DOOEL Ilinden) ("Карсо НМАК"), со ЕМБС 7054963 и адреса ул. 34 бр. 5А, Илинден, Република Северна Македонија. Карсо НМАК е активна во застапувањето и маркетингот на трговски марки на водечки производители на фармацевтски производи, односно со приоритетна дејност 74.990 – Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место, како и со друга дејност 46.46 – Трговија на големо со фармацевтски производи (дејност во внатрешниот промет).

**ФАРМЕДИКА Трговско подјетје д.о.о.** е друштво со ограничена одговорност и е активно во дистрибуција и снабдување со производи за самостојно лекување на словенечкиот пазар. Основата на портфолиото на друштвото ја сочинуваат лекови за хумана употреба што се издаваат без рецепт и медицински помагала, додека додатоците во исхраната, прехранбените производи и другите производи претставуваат дополнителен дел од асортиманот. Приходите на Фармедика претежно се остваруваат преку големопродажни субјекти кои го снабдуваат аптекарскиот канал и кои учествуваат со приближно 94% од приходите на друштвото, а во помал обем преку специјализирани продавници. Фармедика нема зависни друштва.

**ФАРМЕДИКА Трговско подјетје д.о.о.** не е активна во Република Северна Македонија. Друштвото нема зависни друштва ниту средства во Република Северна Македонија и во 2025 година не остварило никаков промет во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар на големопродажба на лекови за хумана употреба што се издаваат без рецепт, пазар на големопродажба на медицински помагала и пазар на големопродажба на други производи (додатоци во исхраната, козметички производи, прехранбени производи итн.) во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

09.09.2026 година
Скопје